Врз основа на член 30 од Статутот, Претседателството на Сојузот на дефектолози на Република Македонија, на својата седница одржана на ден **05.02.2019** година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за распишување конкурс за награди и признанија за 2018 година

**Член 1**

Конкурсот има три категории:
1.1 Најдобра установа од областа на заштитата, образованието и рехабилитација на лицата со попреченост во однос на организацијата на работата, успешно извршување на програмските задачи и постигнатиот успех во работата со учениците односно корисниците во текот на годината;
1.2 Најдобар корисник на установите од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со попреченост, во текот на година;
1.3 Најдобар практичар вработен во установите од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со попреченост, во текот на годината.

**Член 2**

Конкурсот го распишува Комисијата за награди и признанија формирана согласно одлуката на Претседателството на Сојузот на дефектолозите на Република Македонија.

**Член 3**

Критериумите и постапката за доделување на наградите во сите три категории се во согласност со Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување награди, признанија, повелби, плакети и благодарници за заслужни членови и граѓани, усвоен од страна на Собранието на Сојузот.

**Член 4**

За првата категорија се доделува признание а за втората и третата категорија признание и парична награда од 10.000,00 денари. Наградите ги обезбедува фондација "Проф. д-р Љупчо Ајдински".

**Член 5**

Пријавите за конкурсот се примаат до 25-ти март 2019 година.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

**05.02.2019 год**.

Претседател
на Сојузот на дефектолозите на РМ
Горан Петрушев